# ИНИЦИЈАТИВАТА „ОТВОРЕН БАЛКАН“ НИЗ БРОЈКИ



Антонета Манова Ставреска

Авторот е економист

Иницијативата „Отворен Балкан“ (ОБ) произлегува од Берлинскиот процес и е замислена како економска зона меѓу Македонија, Србија и Албанија во почетната фаза, а подоцна би се приклучиле и останатите земји од регионот на Западен Балкан. Целта е да се зајакне регионалната економска соработка и да се унапреди слободата на движење на луѓе и на добра. Воедно, иницијативата треба да донесе конкретни придобивки за граѓаните и за бизнисите преку зголемените можности на полето на трговијата, заедничките инвестиции, развојот на туризмот, настапот на трети пазари, како и поттикнување на интеграцијата на земјите од ОБ во Европската Унија. Покрај ова, преку ОБ ќе се промовира развојот на регионалниот пазар со цел привлекување на инвестиции, што од една страна ќе го зголеми интересот на странските компании поради големината на заедничкиот пазар и понудата на работна сила, а од друга страна ќе ја елиминира меѓусебната конкуренција на земјите од ОБ. Сите овие активности треба да имаат позитивен ефект врз развојот на економиите на трите земји и остварување на повисоки стапки на економски раст.

За да може да се оцени напредокот што се очекува да го донесе ОБ, потребно е да се согледа каква е тековната состојба. Анализата на надворешно-трговската размена треба да покаже колку е значајна размената и што треба да се направи за подобрување на размената со овие две земји од Иницијативата „Отворен Балкан“.

## НАДВОРЕШНО-ТРГОВСКА РАЗМЕНА СО СРБИЈА

Србија е многу значаен надворешно-трговски партнер на РС Македонија. Во периодот јануари – ноември 2021 година, а и во претходните години, Србија е четврт трговски партнер и за македонскиот извоз и за увозот.

Така, од вкупниот македонски извоз во 11-те месеци од 2021 година, 4,2 % е извоз кон Србија, додека од вкупниот македонски увоз 6,8 % отпаѓа на увозот од Србија. Во однос на истиот период од 2020 година, кога учествата се 3,9 % за извозот и 7,4 % за увозот, во 2021 година има подобрување, односно зголемување на учеството на извозот и намалување на учеството на увозот.

Во периодот 2010 – 2021 година, Македонија има дефицит во надворешно-трговската размена со Србија. Притоа дефицитот постојано се зголемува од година во година. Тоа е резултат на неповолната структура во размената, односно поголеми и континуирани стапки на пораст на увозот при мали и непостојани стапки на раст на извозот. Најголем дефицит во размената е остварен во 2019 година.




*Во извозот на Македонија кон Србија според СМТК-класификацијата најголемо учество имаат секторите:*






*Во увозот на Македонија од Србија според СМТК-класификацијата најголемо учество имаат секторите:*







Во период јануари – ноември 2021 година, дефицитот во размената со Србија изнесува 324 651 илјади евра.

Во периодот јануари – ноември 2021 година, извозот кон Србија изнесува 265 125 илјади евра. Во однос на истиот период од 2020 година, извозот во јануари – ноември 2021 година е зголемен за 31,0 %, додека во однос на истиот период од 2019 година е зголемен за 13,9 %.

Најизвезувани производи во секторите со најголемо учество во извозот во Србија се: производи од гипс; плоснато-валани производи од железо или нелегиран челик; плоснати валани производи од железо или нелегиран челик, обложени со цинк; плоснати валани производи од железо или нелегиран челик, премачкани, лакирани или обложени со пластична маса; лекови кои содржат антибиотици или нивни деривати кои содржат антибиотици; разни форми на лекови во различни тарифни броеви; поливинил хлорид (пластифициран); плочи од полимери на пропилен, плочи од пластични маси; слатки, бисквити, вафли и колачи; пекарски производи; свежи домати или разладени; зелка и сличен зеленчук, свеж или разладен и друг зеленчук конзервиран.

Во последниве 10 години нема некоја поголема промена во структурата на македонскиот извоз кон Србија. Секторите кои биле најзастапени во извозот кон Србија во 2010 година и сега се истите. Сепак, има разлики во нивното учество. Најзначајна промена во извозната структура во Србија во изминатава декада е зголеменото учество на извозот на хемиски и сродни производи од 11,2 % во 2010 година на 17,1 % во 2021 година, намаленото учество на извозот на храна и живи животни од 28,1 % во 2010 година на 18,9 % во 2021 година и намаленото учество на извозот на пијалаци и тутун од 12,1 % во 2010 година на 5,1 % во 2021 година. Минимален пораст на учеството во вкупната извозна структура има кај производите класирани според материјалот (за 4,7 %) и разните готови производи за 1,5 %.

Во периодот јануари – ноември 2021 година, увозот од Србија изнесува 589 776 илјади евра. Во однос на истиот период лани, увозот во периодот јануари – ноември 2021 година е зголемен за 17 %, додека во однос на истиот период во 2019 година порастот изнесува 6,3 %.

Најувезувани производи во секторите со најголемо учество во увозот од Србија се: пченка; слатки, бисквити, вафли и колачи; брашно од пченица или наполица; пченица и наполица (во зрно); произво-




ди за исхрана на животни; млеко и павлака; овци (живи); сладолед; препарати за сосови и зачини; електрични спроводници, за напон што не надминува 1 000 V; тоалетна хартија; конструкции и делови од конструкции; керамички ѕидарски тули, плочи иверки, облагородени; глазирани керамички плочки за поплочување или обложување; глазирани керамички коцки за мозаик; електрична енергија и течен бутан.

Во изминатава декада, во структурата на македонскиот увоз од Србија забележлив е трендот на константно зголемување на учеството на секторите кои се со доминантно учество во увозната структура на македонскиот увоз од Србија. Ова вклучува: машини и транспортни уреди, производи класирани според материјалот, минерални горива, мазива и сродни производи, како и храна и живи животни.

## СТРУКТУРА НА НАДВОРЕШНО-ТРГОВСКА РАЗМЕНА СО АЛБАНИЈА

Република Албанија е помалку значаен надворешно-трговски партнер на РС Македонија. Од вкупниот македонски извоз, 1,7 % е извоз кон Албанија, додека од вкупниот македонски увоз 1,3 % отпаѓа на увозот од Албанија. Во однос на 2020 година, забележан е пораст на учеството на извозот кон и увозот од Албанија. Така, соодветните учества за првите 11 месеци од 2020 година изнесувале 1,1 % за извозот и 0,7 % за увозот.

Од 2010 до 2021 година, во надворешно-трговската размена со Албанија Македонија има суфицит. Притоа забележлив е тренд на постојано намалување на суфицитот, и тоа од 37,1 милион евра во 2010 година на 2,1 милион евра во 2021 година. Тоа е резултат на константното зголемување на увозот од година во година при помали стапки на раст на извозот. Евидентен пораст на увозот има од 2017 година наваму.

Во периодот јануари – ноември 2021 година, извозот кон Албанија изнесува 87 777 илјади евра. Во однос на истиот период од 2020 година, извозот е зголемен за 31,1 %, додека во однос на истиот период од 2019 година порастот изнесува 30,9 %.

Покрај овие 3 сектори, и секторот храна и живи животни надминува 10 % (10,4 %). Сите останати сектори прикажани во графикот се со учество под 10 % во вкупниот извоз кон Албанија. Во последнава декада, секторот суровини (кои не се храна), освен гориво, остварува зголемен извоз и од сектор со незначително учество во структурата на вкупниот извоз станува доминантен. Во последниве 10 години, секторот хемиски и сродни производи постепено сè повеќе го зголемува учеството во вкупниот извоз во Албанија.




*Во извозот на Македонија кон Албанија според СМТК-класификацијата најголемо учество имаат секторите:*




Во периодот јануари – ноември 2021 година, увозот од Албанија изнесува 85 682 илјади евра. Во однос на истиот период 2020 година, увозот е зголемен за 36,6%, додека во однос на истиот период од 2019 година за 36,5 %.

Во периодот 2010 – 2020 година, драстично е зголемен увозот на производи од секторот производи класирани според материјалот. Пораст има и кај увозот на производите од секторот храна и живи животни. Кај останатите сектори состојбата/сликата е иста




*Во увозот на Македонија од Албанија според СМТК-класификацијата најголемо учество имаат секторите:*







како и пред 10 години.

Од постоечките нивоа на трговска размена, евидентно е дека постои огромен потенцијал за нејзино зголемување и унапредување. Притоа, која економија ќе успее да ги зголеми извозот и пазарното учество зависи од актуелното и идно ниво на конкурентност на економиите и на компаниите. Досегашните можности кои ги нудеше ЦЕФТА-иницијативата не се најдобро искористени и треба да се извлечат поуки, како и со кои реформски мерки во иднина може да се зголеми конкурентноста на македонската економија во целина, а посебно на секторите кои во изминативе 10 години го изгубиле/намалиле пазарното учество во извозот.

Во насока на операционализација на ОБ, на Економскиот форум за регионална соработка во Скопје на крајот од јули 2021 година, премиерите на трите земји потпишаа договори кои имаат цел да обезбедат слободно движење на луѓе, на стоки, на услуги и на капитал во рамките на внатрешниот пазар и договор за соработка за заштита и спасување од катастрофи. На самитот на „Отворен Балкан“ во Тирана, 20/21 декември 2021 година, се потпишаа повеќе мултилатерални и билатерални договори во насока на реализација на основните права за слободно движење на луѓето, на производите и на капиталот како дел од зацртаните придобивки за поголема регионална соработка и унапредување на поврзувањето меѓу земјите од иницијативата. Посебно значајно беше потпишувањето на Договорот за условите за слободен пристап до пазарот на трудот на Западен Балкан, Договорот за интерконекција за шемите за електронска идентификација на граѓаните на Западен Балкан, Договорот меѓу владите на Република Албанија, Република Србија и Република Северна Македонија за соработка во областа на ветеринарството, безбедноста на храна и фитосанитарната политика. Покрај овие, на средбите беа потпишани и билатерални договори за признавање на одобренијата за овластен економски оператор за безбедност и сигурност меѓу Република Северна Македонија и Република Албанија и меѓу Република Албанија и Република Србија. Притоа беше најавено дека договорот за единствените работни дозволи меѓу земјите во рамките на Иницијативата „Отворен Балкан“ најверојатно ќе почне да се применува од 1 јануари идната година.

Во однос на надворешно-трговската размена, со Иницијативата „Отворен Балкан“ треба да се продолжат, да се надградат и да се интензивираат започнатите промени за унапредување на регионалната соработка преку ЦЕФТА, што ќе овозможи уште поголемо регионално поврзување за соработка и слободен проток на патници, на стока, на капитал и на услуги меѓу Македонија, Србија и Албанија. Во таа смисла, дополнителната вредност на оваа иницијатива треба да се гледа во надминување на нетрговските бариери и други административни пречки кои ја ограничуваат поголемата размена со Србија и Албанија. Со непречено движење преку границите треба да се олесни трговијата, движењето на граѓаните и протокот на услугите меѓу трите земји. Хармонизирани гранични процедури и признати работни дозволи и квалификации на работниците меѓу Македонија, Србија и Албанија се клучните економски придобивки кои ќе овозможат поголема регионална соработка. ■